| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Со три бои, будно стои |
| **Содржина на денот** | Семафор |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Билјана Цветаноска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за одржување на физичко растојание во градинка и со другарите. |
| **Активности** | Започнете разговор со Вашето дете за семафорот. Како изгледа семафорот,кои бои ги има (црвена, жолта, зелена),за што служат боите на семафорот.<br>Потоа предложете му на Вашето дете да ја играте подвижната игра „Семафор“ во која Вие ќе бидете семафор,а детето автомобил. На Ваш знак (кажуваме боја) детето треба да застане,да се подготви и да тргне. Потоа може да ги смените улогите.<br>Исто така играта можете да ја играте и со музика каде детето слободно се движи во просторот. Пуштете му на детето гласна музика тоа го означува зеленото светло на семафорот - детето слободно игра во просторот. Средно силната музика го означува жолтото светло-детето застанува и игра во место во просторот,а на тивка музика го означува црвеното светло детето стои во место. Играат се игра додека детето пројавува интерес за истата. |